МРЕЖА ЗА
ЗАШТИТА ОД
ДИСКРИМИНАЦИЈА

# ПЛАН ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА МРЕЖАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

**2023- 2025 година**

**Јули 2022 година**

# Содржина

Список на кратенки .......... 2

ВОВЕД .......... 3

ПЛАН ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ .......... 4

# Список на кратенки

| | |
|---|---|
| АСЈО | Академија за судии и јавни обвинители |
| ЕСЕ | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените |
| ЕУ | Европска Унија |
| ГО | Граѓански организации |
| ЗСЗД | Закон за спречување и заштита од дискриминација |
| Ковид-19 | Болест предизвикана од вирусот Корона 19 |
| КСЗД | Комисија за спречување и заштита од дискриминација |
| ЛГБТИ | Лезбијка, геј, бисексуална и трансродова личност |
| МЗ | Маргинализирани заедници |
| МЗД | Мрежа за заштита од дискриминација |
| МЗМП | Македонско здружение на млади правници |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МП | Министерство за правда |
| МЦСР | Меѓуопштински центар за социјални работи на град Скопје |
| НМХТ | Национална мрежа против хомофобија и трансфобија |
| НП | Народен правобранител |
| ОБСЕ | Организација за безбедност и соработка во Европа |
| СЕММ | Совет за етика на медиумите во Македонија |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| СП | Стратешки план |
| ФООМ | Фондација Отворено општество |
| ХЕРА | Асоцијација за здравствена едукација и истражување |
| ХК | Хелсиншки комитет за човековите права |
| ЦСР | Центар за социјални работи |

# ВОВЕД

Учеството во креирањето на законодавството и политиките е една од стратешките цели на Мрежата за заштита од дискриминација. Во својата досегашна активност, Мрежата доследно се застапуваше за подобрување на законската рамка и за креирање и спроведување политики кои ќе овозможат изградба на систематски пристап во Република Северна Македонија кон заштитата и спречувањето на дискриминацијата, согласно европските стандарди.

По донесувањето на новиот Закон за спречување и заштита од дискриминацијата (ЗСЗД) во 2019 година и формирањето на новата Комисија за спречување и заштита од дисириминацијата (КСЗД), како клучно достигнување во изминатиот период, се создадоа нормативни и институционални основи за подигање на стандардите за заштита на борбата против дискриминацијата во Република Северна Македонија. Клучен предизвик во претстојниот период е спроведувањето на Законот и негова примена во сите области на живеењето и од страна на сите надлежни субјекти. Оттаму, Мрежата планира да ги интензивира и продлабочи активностите на застапување, кои ќе бидат насочени кон доследно спроведување на Законот.

Со донесувањето на новиот Стратешки план на Мрежата за периодот 2023-2025 година се поставуваат нови стратешки цели кои соодветствуваат на новиот контекст и предизвици со кои се соочува Мрежата. Овој План предвидува активности за застапување насочени кон постигнување на целите утврдени во Стратешкиот план. При конципирањето на Планот, земени се предвид и искуствата од спроведувањето на Планот за застапување за периодот 2019-2020 година.

Со Планот се утврдени клучните прашања (проблеми) за застапување на Мрежата за спречување на дискриминацијата во периодот до крајот на 2025 година, целите на застапувањето, како и доносителите на одлуки и влијателните субјекти кон кои секоја активност на застапување ќе биде насочена, при тоа идентификувајќи ги нивните интереси и можните пречки. Покрај тоа, Планот ги утврдува потребните ресурси и недостатоци на Мрежата, потребните материјали и инструменти, тактиките за спроведување, како и можните партнери во застапувањето. Конечно, со Планот се утврдени и носителот и рокот за секое поединечно прашање на застапувањето, како и начинот на мерење на успехот.

Ваквата содржина и структура на Планот овоможува на конзистентен и на прегледен начин да се презентираат основните приоритети на Мрежата во областа на застапувањето, како и негово ефикасно следење.

Спроведувањето на Планот ќе го следи координаторот на Мрежата за заштита од дискриминација. Носителите на активностите ќе доставуваат информации за остварувањето на Планот на квартално ниво, по што ќе се подготвуваат годишни извештаи. Прашањата во врска со спроведувањето на Планот ќе се разгледуваат и на редовните месечни состаноци на Мрежата.

# ПЛАН ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ

| *Прашање/проблем на застапувањето* | *Цел на застапувањето* | *Доносители на одлуки и влијателни субјекти* | *Интереси* | *Противење и пречки* | *Ресурси и недостатоци на Мрежата* | *Потребни материјали и инструменти* | *Клучни партнери* | *Тактика* | *Одговорен* | *Временска рамка (од до)* | *Мерење на успехот* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Правилникот за проценка на ризик не ги препознава маргинализираните заедници и Правилникот за дневни центри несоодветно ги препознава маргинализираните заедници (СП 1.3.) | Промена на Правилникот | МТСП | Пристап што обезбедува заштита од насилство на сите жртви независно на нивниот личен и општествен статус | Отпор кон нови обврски на стручните работници во спроведување-то на Проценката | Недостаток на проценка на влијанието на измените во социјална заштита врз работа со маргинализи-рани заедници | Проценка на влијанието на измените во социјална заштита врз работа со маргинализи-рани заедници | ФООМ, Ромска мрежа, Платформа за родова еднаквост, НМХТ | - Соработка - состаноци индивидуални групни;<br>- Учество во работна група за измена на Правилникот;<br>- Воспоставува-ње комуникација со ГО, заедница, МТСП, МЦСР | Глас против насилство, ЕСЕ | 2024 | Изменет Правилник за проценка на ризик кој ги препознава маргиналкизираните заедници |
| Недостаток на индивидуализи-ран пристап во ЦСР (СП 1.3.) | Воведување на индивидуа-лен пристап во работата на ЦСР | МТСП, Завод за социјални дејности | Зголемена доверба во институции, подобра социјална заштита | Недостаток на квалификуван кадар за спроведување на индивидуален пристап, отпор кон дополнителна работа | Знаење и експертиза за проблемите со постапувањето на ЦСР | Студии на случај | ФООМ, Ромска мрежа, Платформа за родова еднаквост, НМХТ, Совет на Европа | - Соработка, состаноци индивидуални групни,<br>- Воспоставува-ње комуникација со ГО, заедница, МТСП, МЦСР, Завод за социјални дејности | Глас против насилство, ЕСЕ | 2025 | Индивидуа-лизиран пристап на ЦСР кон МЗ |

| *Прашање/проблем на застапувањето* | *Цел на застапувањето* | *Доносители на одлуки и влијателни субјекти* | *Интереси* | *Противење и пречки* | *Ресурси и недостатоци на Мрежата* | *Потребни материјали и инструменти* | *Клучни партнери* | *Тактика* | *Одговорен* | *Временска рамка (од до)* | *Мерење на успехот* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Недостаток на механизам за системско елиминирање на дискриминаторска содржина од наставни материјали и програми (С.П. 1.5.) | Елиминирање на дискриминирачки и вознемирувачки содржини во наставни програми | МОН, Собрание | Образовни содржини базирани на наука и докази, ослободени од предрасуди и стереотипи кон МЗ | – Конзервативни партии;<br>– Влијание на антиродово движење во креирањето на политиките | – Анализи, „one pagers“;<br>– Недоволен пристап до општа популација | – Анализи, пишани документи, резимеа | – Поширока платформа на ГО за заедничко застапување;<br>– Платформа за родова еднаквост;<br>– НМХТ;<br>– Совет на Европа;<br>– ЕУ | –Состаноци со МОН, пратеници, пратенички групи | Маргини, ХЕРА | 2024-2025 | Усвоен нов закон за учебници со „чувари“ на еднаквоста и недискриминацијата; Усвоени нови закони за средно, стручно, високо образование со „чувари“ на еднаквоста и недискриминацијата |
| Отсуство на системи за мониторинг и евалуација кај надлежните институции (С.П. 1.8) | Воведување системи на мониторинг и евалуација во надлежните институции | Влада, МТСП, МОН; Собрание | Унапредување на квалитетот на креирањето и спроведувањето на политиките | - Отпор на раководители на институции и јавна администрација заради потреба од дополнително вложување ресурси без краткорочни резултати; | - Досегашни анализи кои укажуваат на потреба од мониторинг и евалуација;<br>- Недоволен фокус на мониторингот и евалуацијата | - „One pagers“;<br>- Разработка на конкретни примери – придобивки од мониторингот и евалуацијата | – Поширока платформа на ГО за заедничко застапување;<br>- ЕУ | - Состаноци, презентации;<br>- Истакнување на проблемот при застапувањето за другите прашања | Маргини | 2024-2025 | - Воведен мониторинг и евалуација на најмалку еден од процесите за кои се застапува Мрежата |

| *Прашање/проблем на застапувањето* | *Цел на застапување то* | *Доносители на одлуки и влијателни субјекти* | *Интереси* | *Противење и пречки* | *Ресурси и недостатоци на Мрежата* | *Потребни материјали и инструменти* | *Клучни партнери* | *Тактика* | *Одговорен* | *Временска рамка (од до)* | *Мерење на успехот* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Несоодветно планирање и распределба на предметите за дискриминација во судовите (С.П. 2.3) | Соодветно планирање и распределба на преметите за дискримина-ција во судовите | Судови, Здружение на судии | Унапредување на специјализира-носта на судиите | – Незаинтере-сираност на судиите | – Има човечки ресурси;<br>– Потребна е дополнителна соработка со други мрежи од областа на правосудство-то | – Изготвени анализи и извештаи;<br>– Документи-рани случаи | –ОБСЕ<br>–Мрежа Блупринт | – Остварување дијалог со судиите на ниво на апелациони подрачја;<br>– Соработка со клучните партнери | Мрежа | 2023-2025 | Повисок степен на успешност на предметите |
| Недоволно сензибилизира-ни судии за постапки за дискриминација (С.П. 2.4) | Подобрување на обуката за судиите кои работат предмети на дискримина-ција | АСЈО<br>МП<br>Судови<br>Здружение на судии | Подобрена ефикасност на постапките за заштита од дискриминација | Отпор при внесување за задолжителна обука; конзервативни ставови и предрасуди на судиите | – Има човечки ресурси,<br>– Потребна е дополнителна соработка со други мрежи од областа на правосудство-то;<br>– Добра комуникација со дел од МП | – Изготвени анализи и извештаи;<br>– Документи-рани случаи | – ОБСЕ<br>– Мрежа Блупринт | – Соработка со клучните партнери;<br>– Одржување состаноци | Мрежа | 2023-2025 | МЗ воведени во програмата за обука за дискриминац ија на АСЈО |
| Говорот на омраза не е соодветно уреден во КЗ(С.П. 3) | Донесување соодветни промени во предлог текстот на КЗ во однос на говор на омраза | Влада на СРМ, МП, Собрание, работна група | Да се обезбеди ефикасна заштита за говор на омраза | Отпор при внесување промени во предлог-измените на КЗ | – Човечки ресурси и експертиза;<br>– Контакт со МП | – Преглед на предлог новиот КЗ;<br>– Коментари за измени на КЗ | – Партнерски мрежи,<br>– ГО<br>– Меѓународ-ни организации | – Соработка;<br>– Состаноци;<br>– Давање коментар | Мрежа, Коалиција Маргини, ХК, МЗМП | 2023-2025 | Број на прифатени коментари |

| *Прашање/проблем на застапувањето* | *Цел на застапување то* | *Доносители на одлуки и влијателни субјекти* | *Интереси* | *Противење и пречки* | *Ресурси и недостатоци на Мрежата* | *Потребни материјали и инструменти* | *Клучни партнери* | *Тактика* | *Одговорен* | *Временска рамка (од до)* | *Мерење на успехот* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Низок степен на свест кај клучните институции и несанкционира ње на говор на омраза (С.П. 3.1.) | Ефикасно процесирање по поднесени пријави за говор на омраза | МВР, ОЈО, Основен кривичен суд | Да се обезбеди ефикасна заштита и да се охрабрат граѓаните да пријавуваат говор на омраза | – Пасивност на институциите и отпор за постапување;<br>–Донесување на КЗ со измени како што се предложени;<br>–Недоверба во институциите;<br>– Опасност дискримина-цијата на МЗ да „падне во сенка“ на дискримина-ција врз етничка основа (Протокол со Бугарија) | – Има човечки ресурси, но потребна е доволна експертиза за темата<br>– Мал број на ГО го следат говорот на омраза;<br>– Немање средства за работа на темата на говор на омраза;<br>– Недоволна посветеност на прашањето досега од страна на Мрежата | – Јакнење на капацитети на мрежата;<br>– План со активности во однос на говорот на омраза | – ОБСЕ (Неформална мрежа против говор на омраза);<br>– Совет на Европа;<br>– Делегација на ЕУ;<br>– Медиуми и медиумски здруженија;<br>– Други ГО | – Соработка;<br>– Тестирање на системот и институциите преку пријави;<br>– Одржување состаноци со засегнати страни;<br>– Спроведување обуки за јакнење на капацитетите | ХК Маргини МЗМП | 2023-2025 | -Број на ГО кои следат говор на омраза<br>-Број на поднесени пријави<br>-Број на спроведени пријави |

| Прашање/проблем на застапувањето | Цел на застапување то | Доносители на одлуки и влијателни субјекти | Интереси | Противење и пречки | Ресурси и недостатоци на Мрежата | Потребни материјали и инструменти | Клучни партнери | Тактика | Одговорен | Временска рамка (од до) | Мерење на успехот |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Недостаток од суштествено вклучување на ГО(СП 4.) | Постигнува-ње суштествена вклученост на Мрежата во процесите на одлучување | Влада, Министерства Собрание, ЕЛС | Да покажат транспарен-тност и инклузивност, како и демократски капацитет во промена на општеството | –Непрепознавање на улогата на ГО во процесите на одлучување;<br>–Партизира-ност и неконзистен-тни политики од страна на институциите | –Имаме капацитет да дадеме суштински придонес во поцесите, имаме експертиза, но потребно е да дефинираме поинакви стратегии за настапување;<br>–Јака страна ни е познавањето на специфичните потребни на целните групи | – Наши истражувања и документи за јавни политики;<br>– Европско законодав-ство;<br>– Извештаи и препораки од меѓународни тела | – Здруженија на граѓани кои работат со маргинализирани групи;<br>– Партнерски мрежи и здруженија за човекови права:<br>– Донатори;<br>– Меѓународ-ни организации | –Состаноци со релевантни институции;<br>–Покренување на ова прашање пред Советот за соработка со ГО, реакции во медиуми, соопштенија;<br>–Состаноци со пратеници;<br>–Подготовка на компаративна анализа на подготвените нацрт политики и закони со оние кои се праќаат на усвојување | Мрежа | 2023 - 2025 | Членките на Мрежата изразуваат повисок степен на вклученост во процесите на подготовка и спроведување на политиките |
| Недоволни финансии за услуги и сервиси за целните групи на МЗД (СП 4.2.) | Зголемување на финансиите за специјализи-рани сервиси и услуги | Влада, Министерство за финансии, МТСП, МЗ, Собрание | Одговараат на потребите на Маргинализи-раните групи, спроведување на сопствените политики - грижа за групите | – Непрепозна-вање на улогата на ГО во овој дел;<br>– Неприорети-зирање на потребите на ранливите целни групи;<br>– Избегнуваат финансиски импликации | –Треба подобро да го испланираме процесот;<br>–Внатрешна консолида-ција;<br>– Има знаење, недостига поголема гласност за проблемот | – Анализа на правни потреби на ранливи групи;<br>– Повикување на Извештај од Ковид19 - социјални потреби;<br>– Извештаи и препораки од меѓународни тела;<br>– Предлози за ревидирање критериуми | – Здруженија на граѓани кои работат со маргинализирани групи;<br>– Партнерски мрежи и здруженија за човекови права;<br>– Донатори;<br>– Меѓународ-ни организации;<br>– Општини | – Состаноци со релевантни институции;<br>– Покренување на ова прашање пред Советот за соработка со ГО,<br>– Реакции во медиуми соопштенија;<br>– Состаноци со пратеници | Мрежа (ЕСЕ, ХОПС,Глас против насилство) | 2023 - 2025 | Процент на зголемување на финансиите |

| *Прашање/проблем на застапувањето* | *Цел на застапувањето* | *Доносители на одлуки и влијателни субјекти* | *Интереси* | *Противење и пречки* | *Ресурси и недостатоци на Мрежата* | *Потребни материјали и инструменти* | *Клучни партнери* | *Тактика* | *Одговорен* | *Временска рамка (од до)* | *Мерење на успехот* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Недоволно влијание во процесот на пристапување во ЕУ (СП 4.5.) | Придонес во остварувањето на целите на Мрежата преку процесот на пристапување во ЕУ | Влада, СЕП, ЕУ | Напредок во процесот на пристапување во ЕУ | Затвореност на Владата за учество на ГО во пристапниот процес | - Недоволно познавање на процесот;<br>- Отсуство на систем на следење на процесот | - Разработка на предлози за застапување<br>- Обуки<br>-Воспоставување систем за следење на процесот | –Партнерски мрежи и здруженија за човекови права | - Состаноци со СЕП и надлежните институции;<br>- Усогласување со други ГО;<br>- По потреба – обраќања до јавноста и засилено присуство во медиуми | Маргини | 2023-2025 | Мрежата има воспоставено систем на учество во процесот на пристапување во ЕУ и негово следење |
| Потреба од суштествен придонес во изработката на новата Стратегија за реформа на правосудството (СП 4.6.) | Вградување на цели на Мрежата во новата Стратегија за реформа на правосудството | - Влада<br>- МП | Јакнење на независноста и ефикасноста на правосудството | Недоволна отвореност на Владата | - Развиени капацитети за реформи во судството од областите што ги покрива Мрежата;<br>- Потреба од насочување на ресурси за Стратегијата и воспоставување систем за редовно следење | - Разработка на конкретни предлози врз основа на постојните анализи;<br>- Компаративни анализи/согледувања за учеството на ГО | – Партнерски мрежи и здруженија за човекови права | - Состаноци со Влада и МП;<br>- Заедничко застапување со други ГО;<br>- По потреба – обраќања до јавноста и засилено присуство во медиуми | Маргини | 2023-2025 | Мрежата има воспоставено систем на учество во процесот на креирање и спроведување на новата Стратегија за реформа на правосудството и негово следење |

| ***Прашање/проблем на застапувањето*** | ***Цел на застапувањето*** | ***Доносители на одлуки и влијателни субјекти*** | ***Интереси*** | ***Противење и пречки*** | ***Ресурси и недостатоци на Мрежата*** | ***Потребни материјали и инструменти*** | ***Клучни партнери*** | ***Тактика*** | ***Одговорен*** | ***Временска рамка (од до)*** | ***Мерење на успехот*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пропусти во законски решенија за недисмрининација (ЗСЗД, Закон за буџети) | Вметнување одредби за финансика независност, непречено функционирање на КСЗД, зајанување на промотивна функција и КСЗД да стане прекршочен орган | МТСП<br>Влада<br>Собрание | Јакнење на финансиска независност<br>Ефикасна постапка по прекршоци<br>Зајакната превентивна функција | Недоволна заинтересираност на донесувачи на одлуки | -Практика на МЗД<br>-Соработка со КСЗД<br>-Анализи и истражувања од мониторинг на постапки | -Разработка на конкретни предлози за финансиска независнотс | –КСЗД<br>-Национално координативно тело за недискриминација | Состаноци со донесувачи на одлуки, меѓународни организации, документи за јавни политики | Хелсиншки комитет, МЗМП, Маргини | 2023-2025 | Донесени измени на ЗСЗД соглсно целите на застапување |